Врз основа на член 85 став (6) од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07), министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА СОСТАВОТ НА КОМИСИЈАТА И НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНАТА РАБОТА, ПРОГРАМАТА И НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ, ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ И НАДОМЕСТОКОТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЕКСПЕРТИ И НАЧИНОТ НА СТЕКНУВАЊЕ И ГУБЕЊЕ НА СТАТУС НА ЕКСПЕРТ ЗА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ПРОЕКТОТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, КАКО И НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ И ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД ЛИСТАТА НА ЕКСПЕРТИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
**Предмет на уредување**

Со овој правилник се пропишува составот на комисијата и начинот на нејзината работа, програмата и начинот на полагање на стручниот испит, висината на надоместокот за полагање на стручниот испит и надоместокот за воспоставување и одржување на Листата на експерти за оцена на влијание врз животната средина (во понатамошниот текст: листа на експерти) и начинот на стекнување и губење на статус на експерт за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

Член 2
**Дефиниции**

Одделни поими употребени во овој Правилник го имаат следното значење:

**1. Експерт за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина** е физичко лице кое поседува потврда со која се докажува дека го положил испитот за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина и кој поседува потврда дека е ставен на листата на експерти за животната средина, што ја одржува Министерството за животна средина и просторно планирање.

**2. Професионално знаење за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина** претставува потврдено знаење што се докажува со постоење на валидна потврда дека физичкото лице го положил испитот за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина.

**3. Листа на експерти за оцена на влијанието на проектите врз животната средина** е ажуриран список на физички лица - експерти за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина, што ја одржува Министерството за животна средина и просторно планирање.

## II. СОСТАВ НА КОМИСИЈАТА И НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНА РАБОТА

Член 3
**Комисија за полагање на испит за оцена на влијанието на проекти врз животната средина**

(1) Стручниот испит за оцена на влијанието на проектите врз животната средина се полага пред Комисија за полагање на испит за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина (во понатамошниот текст: Испитна Комисија)

(2) Испитната Комисија се формира во состав од:

- тројца претставници од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и нивни заменици;
- еден претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството и негов заменик член;
- еден член - истакнат експерт од областа на животната средина и негов заменик член.

(3) Членовите на испитната комисија и нивните заменици се именуваат со мандат од две години.

(4) Членовите на испитна комисија и нивните заменици можат да се именуваат за членови на испитна комисија најмногу два пати едно подруго.

(5) Членовите на испитната комисија од своите редови избираат претседател и заменик претседател, со мандат од една година.

(6) Испитната комисија одлучува со мнозинство гласови.

(7) Кога член на испитна комисија е спречен да присуствува на работата на испитната комисија, тој е должен за тоа и за причините заради кои е спречен да присуствува, да го извести претседателот на испитна комисија.

(8) Во случајот од став (7) од овој член, претседателот на испитна комисија е должен да го повика на работата на испитната комисија, да присуствува заменикот член, при што треба да води сметка секогаш во работата на испитна комисија да има најмалку еден преставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и од органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството.

(9) За својата работа, испитната комисија води записник.

(10) Испитната комисијата донесува Деловник за својата работа.

(11) Административно техничките работи на Испитната Комисија ги врши Министерството за животна средина и просторно планирање.

(12) Испитната комисија, може да донесе технички упатства за спроведувањето на испитот.

## III. ПРОГРАМА И НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ

### Член 4
### **Програма за полагање на испит**

(1) Стручниот испит за оцена на влијанието на проектот врз животната средина се полага според Програма за полагање на испит, која е дадена во прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Програмата од став (1) на овој член се објавува на веб страната на министерството за животна средина и просторно планирање и се ажурира најмалку еднаш годишно.

### Член 5
### **Барање за полагање на стручен испит**

(1) Кандидатот кој има намера да полага стручен испит за оцена на влијанието на проектите врз животната средина (во понатамошниот текст: испит), и да биде вклучен на листата на експерти поднесува барање до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(2) Кон барањето кандидатот ги приложува следните документи:

1. Доказ за завршено високо образование;
2. Доказ за работното искуство;

3. Лична изјава за намерата за полагање на испит или/и за ставање на листата, во која ја посочува својата специфична област на делување, демонстрира како ги задоволува бараните услови за ставање на листа. Личната изјава треба да биде напишата на А4 формат со не повеќе од 3.000 карактери или 2 страни;

4. Портфолио за својата работа во кое ќе ги прикаже најрелевнантните активности спроведени во областа на заштитата на животната средина и оцената на влијанијата на проектите врз животната средина. Портфолиото ќе биде напишано во А4 формат со не повеќе од 6.500 карактери или 4 страни;

5. Најмалку една затворена препорака за личните и професионалните особини на физичкото лице подносител на барањето;

6. Сопствена биографија;

7. Уплатница од 3.000 ден;

(3) Барањето со приложените документи физичкото лице го доставува во затворен коверт на кој пишува: "Барање за полагање на испит за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина" и посебна назнака "не отворај".

Член 6

**Организирање на испит**

(1) Испитна комисија е должна да организира полагање на испит при поднесени најмалку пет барања за полагање на испит за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина.

(2) Испитот се спроведува два пати годишно во зависност од бројот на пријавени кандидати.

Член 7

**Содржина на Испитот**

(1) Полагањето на испитот се состои во два дела:

- Прв дел - полагање на писмен испит
- Втор дел - полагање на усмен испит

(2) Писмениот испит се состои во два дела и тоа:

- одговарање на прашања во писмена форма
- анализа на случај.

(3) Прашањата од писмениот испит од став (2) алинеја 1 од овој член се во распон најмалку 25, а најмногу 40 прашања по број.

(4) Усмениот и писмениот дел се водат на македонски јазик, со кирилично писмо, освен во случаите од член 21 од овој правилник.

Член 8

**Полагање на писмен испит**

(1) Физичкото лице подносител на барањето за полагање на стручниот испит за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина (во понатамошниот текст: кандидатот) задолжително се повикува да го полага писмениот испит најмалку 30 дена пред денот на одржувањето на усмениот испит.

(2) Повикот од став (1) од овој член се врши преку оглас во кој се наведува точниот датум и место на одржување на полагањето на испитот, а се објавува:

- во најмалку два дневни весника и
- на интернет страната на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Член 9

**Анализа на случај**

Анализата на случај од член 7 став (2) алинеја 2 од овој правилник се состои од:

- краток опис на случај со предложени алтернативи, кој кандидатот го анализира од аспект на предложените алтернативи, местоположбата на проектот, економската состојба и инволвираните страни, и
- подготовка на решение во вид на предлог одлука за случајот.

Член 10

**Усмен испит**

(1) Усмениот испит се закажува најмалку 7 дена, а најдоцна во рок од 15 дена по одржувањето на писмениот испит. Усмениот испит се закажува на денот на одржувањето на писмениот испит.

(2) Усменит испит се состои во:

- презентација на кандидатот.
- поставување прашања и
- одговарање на прашања.

Член 11

**Презентација**

(1) Одржувањето на презентацијата се врши од страна на кандидатот, во која тој го искажува неговото дотогашно професионално искуство и објаснување на анализата на случајот и причините за предложеното решение од писмениот испит. Презентацијата се врши во траење од најмногу 30 минути, за која може да се употребуваат помошни технички средства.

(2) Обезбедување на технички средства кандидатот, треба да го најави кај испитната комисија најмалку три дена пред одржувањето на усмениот испит.

(3) Испитната комисија е должна да обезбеди помошни технички средства и тоа: графоскоп, ЛЦД проектор и персонален компјутер.

Член 12

**Одговор на прашања**

Членовите на испитна комисија, поставуваат прашања до кандидатот, во врска со презентацијата од член 11 од овој правилник.

Член 13

**Подготовка на прашањата за писмениот испит**

(1) Прашањата за писмениот дел на испитот и за оцената на случајот се подготвуваат од страна на претседателот на испитна комисија, за секој испит одделно. Членовите на испитната комисија до претседателот на испитна комисија предложуваат прашања кои ќе бидат поставени на испитот.

(2) Прашањата се подготвуваат еден ден пред одржувањето на испитот и истите се од доверлив карактер.

Член 14

**Оцена на поднесените документи**

(1) Пред започнување на писмениот испит, испитната комисија, во присуство на кандидатите, ги отвара ковертите добиени од кандидатите и ја проверува нивната веродостојност. Доколку испитна комисија утврди дека доставената документација не е потполна, за тоа веднаш го известува кандидатот и го задолжува во определен рок, пред одржувањето на усменит испит, да ги комплетира и достави бараните документи.

(2) Рокот од став (1) од овој член несмее да биде подолг од 7 дена.

(3) Доколку кандидатот не постапил согласно укажувањето на испитната комисија од став (1) од овој член, или не ја доставил бараната информација во определениот рок, се смета дека се откажал од своето барање.

Член 15
**Оцена за положен испит**

(1) Оцената на знаењето се врши со добивање на оцена во форма на “положил” и “неположил” за писмениот и усниот дел посебно.

(2) Услов за полагање на усмен испит е кандидатот да го положил писмениот дел од испитот.

(3) Кандидатот ќе биде ставен на листата на експерти само ако има добиено оцена “положил” за испитот.

(4) Кандидатот кој добил оцена “неположил” може да го полага испитот најкасно една година од денот кога ја добил оцената.

Член 16
**Добивање на оцена за писмениот дел од испитот**

(1) Оценка положил за писмениот дел од испитот се добива ако кандидатот одговорил точно на најмалку 65 % од вкупниот број на бодови од прашањата и добил оцена “положил” од најмалку три члена од испитна комисија при оцена на одговорот за анализа на случајот.

(2) Оцената „положил” за анализа на случајот членовите ја даваат усно на состанокот на испитната комисија.

Член 17
**Добивање на оцена за усмениот дел од испитот**

(1) Членовите на испитна комисија, веднаш по завршувањето на усмениот дел од испитот, за усмениот дел од испитот го оценуваат секој кандидат одделно, во присуство на кандидатот.

(2) Оцената се запишува на посебно заверен образец од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и претседателот на испитна комисија, кој се става во затворен коверт, на кој стои името на кандидатот.

(3) Ковертот се дава на Претседателот на испитната комисија, кој откако ќе ги добие сите коверти од членовите на испитна комисија, ги отвара и ги соопштува поедниечните оцени на секој член.

(4) Конечната оцена ја соопштува претседателот на испитна комисија, во присуство на кандидатот.

(5) Кандидатот се смета дека го положил усмениот дел од испитот, доколку најмалку три членови на испитната комисија го оцениле со “положил”.

Член 18
**Критериуми за оцена на кадидатот**

При оцената на кандидатот, членовите на испитна комисија посебно водат сметка за следните покажани способности на кандидатот:

- познавање на постапката и суштината на оцената на влијанијата на проектите врз животната средина;
- познавање на научните, социјалните и хуманитарните апсекти на влијанијата на проектите врз животната средина и човекот и неговото здравје;

- посебно покажано знаење за посебни преферирани - спрецифични области на делување;
- способности да ги истражува и оценува еколошките проблеми и да идентификува решенија;
- способност да донесува балансирани одлуки, засновани на објективни проценки;
- способности за презентирање, говор и фасилитирање;
- општо познавање на концептот на одржлив развој.

Член 19

**Потврда**

(1) На кандидатот кој го положил испитот и ги исполнува условите од член 85 од Законот за животна средина, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина му издава потврда за положен испит за оцена на влијание врз животната средина со назнака дека кандидатот се стекнал со статус на експерт за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина, како и потврда дека кандидатот е вклучен во Листата на експерти за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина.

(2) На кандидатот кој положил дел од испитот органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина му издава потврда за положен дел од испитот.

(3) На кандидатот кој го положил испитот, но не ги исполнува условите од член 85 став 2 од Законот за животна средина за вклучување во листа на експерти, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, му издава потврда за професионално знаење за оцена на влијание за животна средина.

(4) Потврдите од став (1), (2) и (3) од овој член ја потпишуваат министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и претседателот на испитната комисија.

Член 20

**Важност на потврдите**

(1) Потврдите од член 19 од овој правилник се издава со важност од пет години.

(2) Потврдите можат да се продолжат за дополнителни пет години со барање.

Член 21

**Странско физичко лице**

(1) Кога како кандидат се јавува странско физичко лице, кандидатот кон барањето за полагање на испит, приложува посебен коверт во кој е наведен јазикот на кој сака да се одвива полагањето на испитот.

(2) Во случај од став 1 на овој член, кандидатот е должен да ги сноси реалните трошоци за потребниот превод за полагањето на испитот, кој опфаќа писмен преводот на прашањата и случајот и нивните одговори, како и усмен превод во текот на усмениот испит.

(5) При подготовката на писмениот испит за странско физичко лице треба да се води сметка за потребното време за превод.

(6) Странското физичко лице потребните документи во барањето ги доставува преведени на македонски јазик со кирилско писмо.

Член 22

**Објавување на информации**

(1) Кандидатите кои се здобиле со потврда за ставање на листа, се должни во рок од 15 дена до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина да достават пополнет образецот (електронски и писмено) за информациите кои сакаат да бидат објавени на интернет страната на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен информациите од образецот да ги објават на листата и да ги направат достапни на интернет страната на министерството, во рок од 7 дена од денот на доставувањето на образецот.

Член 23

**Трошоци за спроведување на испит**

Трошоците за спроведување на испитот се на товар на  кандидатот.

IV. ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛИСТА НА ЕКСПЕРТИ ЗА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЈА НА ПРОЕКТИ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 24

**Надоместок за полагање на испитот**

Надоместокот за полагање на стручниот испит изнесува 2.000 денари.

Надоместокот за воспоставување и одржување на листата на експерти изнесува 1.000 денари.

V. НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И ГУБЕЊЕ НА СТАТУС НА ЕКСПЕРТ ЗА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ПРОЕКТИТЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 25

**Стекнување статус на експерт за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина**

(1) Статусот експерт за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина се стекнува со:

- оцена на професионалното знаење на физичкото лице преку полагање на испит и
- со впишување на податоците за физичкото лице во Листа на експерти за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина (во понатамошниот текст: Листа) .

(2) Оцената на професионалното знаење од став (1) алинеја 1 од овој член го врши Комисија за испит за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина.

Член 26

**Губење на статус на експерт за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина**

Статусот експерт за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина се губи во случаите утврдени во член 28 и 29 од овој правилник.

## VI. НАЧИН И ПОСТАПКА НА ВКЛУЧУВАЊЕ И ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД ЛИСТАТА НА ЕКСПЕРТИ

Член 27

**Вклучување во Листата на експерти**

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, е должно во рок од 7 дена од денот на доставувањето на информациите од член 22 од овој правилник да го вклучи кандидатот во Листата на експерти и да му издаде потврда за вклучување во Листата на експерти согласно член 19 став (1) од овој правилник.

(2) Физичкото лице кое не ги исполнува условите за ставање на листата на експерти, а го положило испитот, по исполнување на условите од член 85 од Законот за животна средина, може да бара вклучување на листата на експерти.

Член 28

**Исклучување од листата на експерти по службена должност**

(1) Од листата се исклучуват експертите по службена должност во случај на:

- истекување на рокот за кој била издадена потврдата;
- настапување смрт на експертот;
- губење на деловна способност;
- барање на експертот;

(2) За исклучувањето на експертот од став 1 на овој член министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животна средина донесува решение за исклучување на експерт од листата.

Член 29

**Исклучување во посебни случаи**

(1) Од листата на експерти ќе се исклучи експертот во случај на:

- два пати добиено негативна оцена на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина подготвена од експертот;
- сериозно или повеќе кратно прекршување на законите од областа на животната средина при спроведување на постапка за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина; и
- доколку со судска одлука се потврди доведување во заблуда или неточно изнесување на податоци или нивна злоупреба при спроведување на постапка за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина;

(2) Во случај на сознанија за постоење на случаи од став 1 на овој член за експерт кој е ставен на листата, комисијата е должна да расправа за тоа, и да донесе одлука за исклучување на екпертот од листата.

(3) Комисијата е должна да расправа за случајот на барање поднесено од членовите на комисијата или од друго физичко лице, како и на барање на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина .

(4) Врз основа на одлуката на комисијата, министерот за животна средина и просторно планирање донесува решение за исклучување на експертот од листата.

(5) Доколку експертот со решение е исклучен од Листата на експерти, истиот не може да поднесе барање за вклучување на Листата во рок од три години од денот на донесувањето на решението за исклучување. За повторното вклучување на експертот е должен да го полага писмениот и усмениот дел од испитот.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 30

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за дополнителни критериуми, начинот, постапката и надоместокот на трошоците за вклучување и исклучување од лисстата на експерти за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/06).

Член 31

**Влегување во сила**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-4318/1
17 јули 2007 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
**Џелил Бајрами,** с.р.

ПРИЛОГ

**Програма за полагање на стручен испит за оцена на влијанието на проектите врз животната средина**

**Тема за писмениот дел на испитот**

1. Законодавството што се однесува на постапката за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина и учеството на јавноста во донесувањето одлуки;
2. Законодавството од областа на водата, воздухот, заштита на природата, отпадот, бучавата, хемикалиите и други закони поврзани со областа на животната средина;
3. Законодавстото од областа на просторното и урбанистичкото планирање, инвестиционите работи и урбаниот развој;
4. Познавање од финансиска и економската област;
5. Концептот на одржлив развој; и
6. Здравствени аспекти на оцената на влијанијата на проектите врз животната средина

**Список на литература за подготовка на испитот**

1. Закон за животна средина
2. Закон за управување со отпад
3. Закон за квалитет на амбиентниот воздух
4. Закон за заштита на природата
5. Закон за водите
6. Закон за заштита од бучава во животната средина
7. Закон за просторно и урбанистичко планирање
8. Закон за локална самоуправа
9. Закон за градење
10. Закон за минерални суровини
11. Закон за концесии
12. Закон за шумите,
13. Закон за хемикалии
14. Закон за спроведување на Просторниот План
15. Просторен План на РМ
16. Национален Еколошки Акционен План 1 и Национален Еколошки Акционен План 2
17. Директива за оцена на влијание врз животната средина

18. Упатства за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз жировната средина

19. Закон за ратификација на конвенцијата за оцена на влијанието во прекуграничен контекст (ЕСПО Конвенција)

20. Архуска Конвенција

21. Стратегија за биодиверзитет

22. Закон за организација и работа на органи на државната управа

23. Подзаконски акти за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина

24. Подзаконски акти донесени врз основа на горенаведените закони.

Покрај горенаведената литература, потребно е и редовно следење на новите прописи од областа на животната средина, стратешките и планските документи што ги донесува Министерството за животна средина и просторно планирање, друг орган на државната управа и Владата на Република Македонија, прописите кои се поврзани со постапката за оцена на влијанието на проектите врз животната средина како и измени и дополнувања на постојните прописи